ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

# СООПШТЕНИЕ

## Апел на ФЗОМ во врска со барања за издавање на електронска здравствена картичка (ЕЗК) – ФЗОМ е отворен и во во попладневните часови

**ФЗОМ** сака да апелира до сите осигуреници кои немаат поднесено барање за издавање на ЕЗК дека истото може многу порелаксирано да го сторат тоа во поладневните часови. Работно време во ПС Скопје е од 07:30 до 19:00. На сликите подолу може да се види колку осигуреници дошле да поднесат барање на 11 јуни 2013 година во ПС Скопје во 17:30 часот.





Оттаму, би сакале да укажеме дека сите наши осигуреници по завршување на нивните работните обврски и во порелаксирана атмосфера може да дојдат во ПС Скопје и во попладневните часови до 19:00 часот да поднесат барање за издавање на ЕЗК.

**Потсетуваме** дека барање за издавање на ЕЗК осигурениците може да ги доставуваат и на истурените шалтери на ФЗОМ во Драчево, Ѓорче Петров и Чаир, како и во дополнителните четири единици кои се сместени во поликлиниките Букурешт, Идадија, Јане Сандански и Ченто, каде има одговорно лице од ФЗОМ за прием на документацијата за барања за издавање на езк.

Воедно **ги повикуваме** и **сите** преостанати правни и физички лица кои немаат доставено барање или уплата за издавање на ЕЗК, истото да го направат во најбрз можен рок во подрачните служби на ФЗОМ. Законската регулатива предвидува да сите осигуреници мораат да имаат ЕЗК заклучно со 30 јуни 2013 година.

Со почит,
ФЗОМ